# „Нека твојот јазик постојано биде навлажен со спомнување на Аллах.“

Абдулах бин Буср, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека еден човек дошол кај Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, и рекол: „О, Аллахов пратенику! Прописите на исламот се намножија за нас – па кажи ни за некоја врата (пат) за која ќе се придржуваме и која ќе ги опфати сите?“ Тој одговорил: „Нека твојот јазик постојано биде навлажен со спомнување на Аллах.“ Во друга верзија, од Муаз бин Џебел, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува: „Последното нешто со кое се разделив со Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, беше кога го прашав: ‚Кое дело е најдобро и најблиско до Аллах?‘ Тој рече: ‚Да умреш, а твојот јазик да е навлажен од спомнувањето на Севишниот Аллах.‘“

[صحيح] [رواه أحمد والترمذي وابن ماجه وابن حبان]

Еден човек му се пожалил на Пратеникот, алејхи селам, дека доброволните ибадети се намножиле премногу за него до таа мерка што тој не можел да ги изврши поради неговата слабост, а потоа го замолил Пратеникот, алејхи селам, да го упати кон некое лесно дело кое ќе донесе голема награда, до кое тој ќе се држи и ќе го практикува. Тој, алејхи селам, го упатил да го одржува јазикот мек и подвижен и постојано да се сеќава на Семоќниот и Возвишениот Аллах, во секое време и ситуации. Со изговарањето на субханаллах, елхамдулиллах, естагфируллах, со дови и слично.

https://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/66541